**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2095/1
Скопје, 6 март 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2020 година**

**„ТОЧКА 1:** Записник од состанок на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 март 2020 година

- Преземање мерки и активности за превенција од COVID-19

Владата по Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 март 2020 година и Преземањето мерки и активности за превенција од COVID-19 заклучи:

- Со оглед на зголемување на бројот на земји, особено во Европа, кои пријавуваат зголемен број на случаи и локална трансмисија на COVID-19, Владата препорачува да се ограничат јавните настани на кои би присуствувале многу граѓани од странство и да продолжи препораката за неодржување на јавни масовни собири и одржување на спортски натпревари без публика, до 13 март 2020 година.

Исто така, се препорачува на граѓаните кои се враќаат од ризичните земји со зголемен број инфицирани/заболени од COVID-19, особено од Италија, да останат во своите домови.“

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- сите државни институции
- Заедницата на единиците на локалната самоуправа
- Секторот за односи со јавноста

Подготвил: Маја Богоевска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Ирма Мандева
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk